Australian Government
Department of Health and Aged Care

medicare

Macedonian



# Поддршка за ментално здравје

Низ Австралија, расте мрежата на центри за ментално здравје на Medicare (Medicare Mental Health Centres) кои нудат бесплатна поддршка за ментално здравје и благосостојба, без потреба од закажување на термин, што ви го олеснува пристапот до доверлива поддршка кога таа ви е потребна.

Центрите за ментално здравје на Medicare се еден од начините на кои австралиската влада инвестира во Medicare, за да осигура дека Австралијците имаат подобар пристап до квалитетна поддршка за ментално здравје по пристапна цена.

## Што е центар за ментално здравје на Medicare?

Центрите за ментално здравје на Medicare нудат безбедна и пријатна средина каде секој може да добие бесплатни информации, услуги и поддршка за менталното здравје.

Центрите вработуваат квалификувани здравствствени работници за ментално здравје, работат со продолжено работно време и не ви треба Medicare картичка или упат за да добиете бесплатна поддршка за менталното здравје.

Тие, исто така, нудат непосредна поддршка за лица кои се вознемирени, како и за нивните семејства и негуватели, и им помагаат да имаат пристап до поддршка за ментално здравје што ги задоволува нивните потреби.

## Кој може да користи центар за ментално здравје на Medicare?

Центрите за ментално здравје на Medicare се за секого, дури и за лица кои никогаш претходно не користеле поддршка за менталното здравје. За да користите поддршка, нема потреба да закажувате термин, да имате упат, да бидете пријавени во Medicare или да имате Medicare картичка, а не треба ни да сте австралиски државјанин.

## Кога треба да посетите центар за ментално здравје на Medicare?

Центрите за ментално здравје на Medicare можат да помогнат ако не се чувствувате како вообичаено, ако сте загрижени за некој близок или некој за кој се грижите има потреба од поддршка во врска со менталното здравје.

Исто така, можете да се јавите на **1800 595 212** за информации во врска со локалните услуги за поддршка за ментално здравје или да закажете термин во најблискиот центар.



## Кои услуги се достапни?

Центрите за ментално здравје на Medicare нудат:

- итна помош и следење на состојбата за лица кои се вознемирени
- поддршка за лица со умерени до посериозни и посложени потреби во врска со менталното здравје
- поддршка за негувателите и и семејствата на лица кои се соочуваат со ментална вознемиреност
- помош при поврзување на лицата со други служби кои ќе им помагаат во иднина, како што се служби за здравствени услуги, домување и вработување.

Во итен случај, јавете се на ‘три нули’ (000) или веднаш отидете во најблискиот оддел за итни случаи (emergency department).

## Што можам да очекувам кога ќе посетам центар за ментално здравје на Medicare?

Центрите се вообичаен дел од секојдневната здравствена нега.

Во секој центар за ментално здравје на Medicare има експерти кои можат да ги сослушаат луѓето и да им помогнат да го надминат сето она низ кое поминуваат.

Кога ќе пристигнете, квалификуван експерт ќе одвои време да разговара со вас и да ги разбере вашите непосредни потреби. Тој/таа исто така може да ви закаже термин за повторна посета.

Исто така, можете да се јавите на **1800 595 212** за информации во врска со локалните услуги за поддршка за ментално здравје или да закажете термин во најблискиот центар.

# Повеќе информации

**За да дознаете повеќе за центрите за ментално здравје на Medicare, посетете ја веб-страницата health.gov.au/medicare-mental-health или јавете се на 1800 595 212, од 8:30 наутро до 5 попладне во работни денови.**

**За информации како Medicare може да ви помогне, посетете ја веб-страницата medicare.gov.au/stronger**

Скенирајте за да дознаете повеќе